**Порака за Меѓународниот ден на танцот 2024 година – 29 април**

**Авторка на пораката:** Маријанела Њуноз (Аргентина, танчерка)

**Порака за Меѓународниот ден на танцот 2024 година од Маријанела Њуноз**

Споменот не е доволен да се создаде историја.
И историјата на еден театар, е историја на едните и на другите, и зборува за тоа како уметноста како и танцот мигрирале и растеле во различни географски широчини.

Ѕидовите на фотографиите се богатството на Кралскиот балет во Буенос Аирес кои го раскажуваат патувањето; а историјата ги повикува неговите протагонисти и танцот во Аргентина сјае преку секое од тие имиња.

Честопати, институциите се потопуваат во тивка анонимност, станувaат како објекти без лица или презимиња, избегнувајќи да се соочат со ехото на минатото.

Организациите промовирани и поддржани од ИТИ-УНЕСКО, како што е аргентинскиот Танцов совет - тие често делуваат како ѕид што го спречува заборавот.

Јас сум со сите вас во посветеноста да ја спасиме и ревитализираме историјата на мајсторите, уметниците и кореографите кои го збогатија светот на танцот, заслужувајќи да бидат слушнати од идните генерации.
Да знаеме сите дека ние не сме гледачи, туку наследници на традицијата искована со уметност, достоинство и пожртвуваност; хранејќи го нашиот пат со вокација и љубов, кој води кон убавината.

Иако иднината и сегашноста ни го привлекуваат вниманието, но без цврстата основа на минатото, без плодноста на нашата земја, танцовото дрво не може да процвета.

Корените се традиција и во исто време...  корените се хранлива материја.

**Превод од англиски јазик**: д-р Иванка Апостолова – Раководител на Македонскиот центар ИТИ/ПРОДУКЦИЈА